*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКРЕТАР*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 21-9726/11
Датум: 28.12.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1. За извршител за работното место – УПР 0101В01000, Советник за социјална и детска заштита во Одделението за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита, во Секторот за дејности од јавен интерес, се избира кандидатот **Карина Ѓорѓиеска Ивановска**, од Скопје.

2. Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапредена на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 13.12.2018 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работното место – Советник за социјална и детска заштита во Одделението за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита, во Секторот за дејности од јавен интерес

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 21-9726/6 од 14.12.2018 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 11-9726/8 од 26.12.2018 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.
Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стојан Алексов**

Доставено до:
- Именуваната,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.